**МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ**

Свети Николе и Битола

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ИНКЛУЗИЈА

*Прилог кон Стратегијата за развој на МСУ 2024–2027*

## 2024 – 2027

# 1. Вовед

Еден од приоритетите на Европската Унија во областа на високото образование претставува градењето на инклузивен и поврзан систем на високо образование. Инклузијата во високото образование значи поголема вклученост на недоволно претставените групи и групите со посебни потреби во процесот на високото образование. Полека се напушта пристапот дека високообразовниот процес треба да биде само елитистички и ексклузивен, и постепено се свртува кон демократски и инклузивен. Затоа е важно високообразовните институции да ги редефинираат своите мисии, цели и визии и во нив да ги интегрираат демократските и инклузивни принципи.

Инклузијата во процесот на високото образование значи вклучување на сите учесници во процесот на високото образование, без разлика дали се работи за студенти со посебни потреби, маргинализирани групи на студенти, посебни категории, или супер напредни студенти. Ова значи многу повеќе од само финансиска поддршка на тие студенти, иако и таа е неопходна за студентите кои доаѓаат од семејства со ниски приходи. Идејата за инклузија значи на сите да им се понудат еднакви и фер можности за учење и напредок, овозможување на време, простор, алатки и знаење преку учење и подучување.

Овој пристап во образованието бара индивидуален пристап кон секој студент, и студентот се гледа како личност што заслужува внимание, помош, разбирање за да може да постигне успех понатаму. Успехот на инклузивното образование значи прифаќање, разбирање и следење на студентските различности и посебности, и тоа вклучува повеќе аспекти, како физички, когнитивен, академски, социјален и емоционален аспект.

Главната идеја во овој процес е сите студенти да се чувствуваат еднакво, со исти можности, да се чувствуваат добредојдено, без разлика на тоа од каде доаѓаат, со какви можности и од какви услови. Ова значи дека во пракса инклузивното образование треба да биде длабоко вкоренето во наставниот план и програма, а не само конкретна интервенција за решавање на проблеми.

Оваа стратегија не тргнува од нула. Меѓународниот Славјански Универзитет низ годините насочен е кон градење инклузивна пракса – преку системот на активно менторство (од 2016/17), активната улога на Факултетот за психологија, потпишаните меморандуми на соработка со институции и невладини организации кои работат на оваа проблематика,

организирање на низа настани и активности за едукација и подигнување на јавната свест и одговорност на различни чинители во општеството. Она што досега недостасува е едно координативно тело кое овие активности ќе ги поврзе и системски ќе ги следи – формирањето на такво тело, Центар за инклузивно образование, е една од централните стратешки цели на овој документ.

Целта на овој документ е да ги систематизира и постепено надгради веќе постојните активности до 2027 година. Наместо изградба на низа нови, паралелни структури, стратегијата предлага формирање само на едно ново, координативно тело (Центарот), а во остатокот се потпира на она што МСУ веќе го прави добро – особено активната улога на Факултетот за психологија во обуката на кадар, подигнувањето на јавната свест и вклучувањето на студентите во апликативни активности.

Принцип на изработка: секоја мерка е избрана според критериумот дали може да се спроведе со постојниот кадар, постојните партнерства и финансиските трошоци. Поголеми инфраструктурни зафати се вклучени само таму каде што веќе постои најава или делумна реализација (на пр. рампа и адаптиран тоалет).

Врска со Стратегијата за развој на МСУ 2024–2027: оваа стратегија е составен дел (прилог) на Стратегијата за развој на Универзитетот и ја разработува вредноста „Инклузија“, како и определбата на МСУ да биде општествено одговорна институција која обезбедува еднакви услови за сите. Таа е усогласена со Стратегијата за меѓународна соработка 2024–2027, особено во делот на инклузивната мобилност.

Временски рамки: периодот 2024–2027 е преоден стратешки циклус. Преклопувањето во 2024 и 2025 година со Стратегијата МСУ 2025 (2019–2025) овозможува активностите започнати во нејзини рамки да бидат завршени, приспособени или пренесени во новата организациска поставеност, без прекин во стратешкото управување. Крајот на периодот е усогласен со програмата Еразмус+ и Еразмус чартерот, кои го опфаќаат периодот 2021–2027. Сеопфатната долгорочна стратегија, вклучително и посебен дел за инклузија, ќе се подготвува откако ќе бидат познати приоритетите и правилата на европската програмска рамка од 2028 година.

## 2. Политика за еднаквост и инклузија на МСУ

**Цел:** Да се обезбеди инклузивна образовна средина која ја поддржува академската и социјалната инклузија на сите студенти, особено оние со попреченост. Со овој пристап сакаме да бидеме сигурни дека сите студенти, без оглед на нивните посебни потреби, можат целосно да учествуваат во нивните академски програми.

**Опфат:** Оваа политика се однесува на сите студенти, наставен кадар, вработени и административни оддели во рамките на Меѓународен Славјански Универзитет.

**Обврски на универзитетот:** Универзитетот и сите негови единици се обврзуваат да обезбедат пристапна средина за студентите и вработените со попреченост, со цел да им се помогне во нивниот образовен процес и професионален развој. Согласно со нашите принципи на еднаквост, разноликост и инклузија, ние ги спроведуваме инклузивните практики за поддршка на студентите и вработените преку:

- Обезбедување на јасен и пристапен процес за студентите и вработените да пријават потреба за специјална поддршка или прилагодувања.
- Обезбедување формат на барање за прилагодување на наставата за студентите кое можат да го пополнат на Службата за студентски прашања при уписот или во тек на студиите.
- Обезбедување формат на барање за прилагодување на работниот процес за вработените кое можат да го пополнат во службата за управување со човечки ресурси.
- Брзо и ефикасно реагирање на барањата за поддршка, со цел да се осигура дека сите имаат еднаков пристап до образовни и работни можности
- Обезбедување на пристапни рампи низ целиот кампус за лица со инвалидитет.
- Инсталација на тактилни патеки за слепи и слабовидни лица.
- Адаптација на санитарните простории за да бидат целосно пристапни.
- Обезбедување на учебни материјали во електронски формат, аудио формат и Брајово писмо.
- Пружање на специјализирана технологија и софтвер за помош, како што се читачи на екран и софтвер за препознавање на говор.
- Разработка на индивидуализирани образовни планови за студентите со посебни потреби, вклучувајќи разумни прилагодувања на испитите и оценувањето.
- Доделување на ментори за студентите со инвалидитет, кои им помагаат со нивните учебни, емоционални и логистички потреби.
- Обезбедување на континуирана обука за наставниот и административниот персонал за подобро разбирање и поддршка на потребите на студентите и вработените со инвалидитет.
- Понуда на флексибилни опции за учење и работа, вклучувајќи онлајн предавања, работа од дома и приспособени работни распореди за вработените со инвалидитет.

**Обврски на вработените:**

- Сите вработени се одговорни да ја почитуваат оваа политика и да третираат колегите, студентите и посетителите на универзитетот со почит во секое време.
- Учество во соодветни обуки и можности за учење за да му помогнат на Универзитетот да ги исполни своите правни и стратегиски обврски во однос на разноликоста и инклузијата.

**Обврски на студентите:**

- Сите студенти се одговорни да третираат другите студенти, вработените и посетителите на универзитетот со почит во секое време.

## 3. Визија и водечки принципи до 2027

### Визија

До крајот на 2027 година, инклузивната практика која денес главно се потпира на Факултетот за психологија да прерасне во стандардна, координирана практика на сите факултети и на двата кампуса на МСУ, реализирана со постојните човечки ресурси и партнерства на универзитетот.

### Водечки принципи

- Реалистичност – секоја мерка мора да е спроведлива со постојниот буџет, кадар и просторни услови, во спротивно се одложува за подоцнежна фаза;
- Надградба, не дуплирање – единствената нова структура е Центарот за инклузивно образование (Столб 1); во сè друго се гради врз она што веќе функционира (менторството, Факултетот за психологија);
- Споделена одговорност – сите факултети, не само Факултетот за психологија, постепено преземаат дел од инклузивните активности;
- Волонтерство и врсничка поддршка како главен, бесплатен ресурс за секојдневна поддршка на студентите;
- Партнерства – зајакнување на веќе постоечките меморандуми и потпишување нови

## 4. Стратешки столбови и мерки (2024–2027)

### Столб 1: Формирање Центар за инклузивно образование

*Единствената нова структура во оваа стратегија – мала, координативна, без нови вработувања*

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Формална одлука за основање на Центар за инклузивно образование, со мандат да ги координира (не да ги замени) веќе постојните активности | Без трошок – одлука на раководството | 2026 | Донесена одлука/акт за основање |
| Именување координатор на Центарот преку интерно распределување на веќе постојни обврски (на пр. на кадар од Факултетот за психологија), без ново вработување | Без трошок – прераспределба во рамки на постојниот ангажман | 2026 | Именуван координатор |
| Писмено дефинирање на надлежностите на Центарот во интерен акт/правилник | Без трошок – администрирање | 2026 | Усвоен правилник |
| Едно контакт-место (е-маил/пријавен образец) каде студент со попреченост може да побара поддршка | Без трошок – постоечка веб-страница/студентска служба | 2027 | Функционален контакт до крајот на 2027 |
| Годишен, краток извештај на Центарот до раководството (наместо нова извештајна бирократија) | Без трошок – дел од редовните обврски | Секоја година, почнувајќи 2027 | Поднесен извештај |

## Столб 2: Обука на кадар предводена од Факултетот за психологија

*Проширување на постојната пракса на сите факултети, со внатрешен, бесплатен ресурс*

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Годишна кратка работилница (1 ден) за наставниот кадар од другите факултети, реализирана од Факултетот за психологија | Без надворешен трошок – ангажман на постоен кадар во рамки на редовните обврски | Еднаш годишно, од 2026 | Минимум 1 работилница годишно; број опфатен кадар |
| Краток водич/прирачник со основни насоки за работа со студенти со различни видови попреченост, изработен врз основа на учебникот „Инклузивна настава“ | Без трошок – адаптација на постоен материјал | 2027 | Изработен и споделен прирачник |
| Вклучување содржини за инклузија во постојните програми за воведување нов наставен кадар (доколку постојат) | Без трошок | 2027 | Содржината е дел од воведната обука |

## Столб 3: Јавна свест и вклученост на заедницата

*Проширување на веќе постоечките активности, не воведување нови*

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Континуирано учество и проширување на постојните денови за подигнување јавна свест (веќе воспоставена практика на Факултетот за психологија) | Без трошок – редовна активност | Секоја година | Минимум 1 настан годишно на секој кампус |
| Отворени денови на универзитетот со посебна презентација на инклузивните услуги (веќе постоечка практика) | Минимален – печатење материјали | Секоја година | Инклузијата е редовна точка во програмата |
| Видливост на активностите на веб-страницата и социјалните мрежи на МСУ (веќе постоечка пракса) | Без трошок | Континуирано | Редовни објави, минимум квартално |

## Столб 4: Апликативно вклучување на студентите

*Надградба на постојната пракса за изработка на дидактички ресурси*

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Проширување на веќе постоечката активност на студентите од Факултетот за психологија за изработка на дидактички ресурси за ученици со попреченост, со вклучување студенти и од другите факултети (на пр. ИКТ студенти за дигитални помагала) | Без трошок – дел од апликативна/проектна настава | Континуирано, проширување до 2027 | Број на изработени ресурси годишно |
| Формирање волонтерски сервис на студенти за секојдневна поддршка (размена на белешки, придружба, техничка помош при испити), координиран од новоформираниот Центар | Без трошок – волонтерска база | 2027 | Формирана листа на волонтери; број на активирани случаи |
| Признавање на волонтерската/апликативната работа преку кредити или потврди (мотивација без финансиски трошок) | Без трошок – административна одлука | 2027 | Воведен механизам за признавање |

## Столб 5: Физички и дигитални прилагодувања

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Надворешната рампа и адаптираниот тоалет на кампусите | Мал, еднократен трошок – градежна интервенција | 2026–2027 | Реализирана рампа и тоалет на секој кампус |
| Проверка и проширување на дигиталната пристапност (фонт, контраст) на е-платформата, надградба на веќе постоечкиот DyslexicFZF и зголемен фонт | Минимален – работа на постоечкиот ИТ тим | 2027 | Основна WCAG проверка спроведена |
| Проширување на бројот на испитна литература достапна во електронска/аудио форма на е-платформата | Минимален – постепено, во рамки на редовна дигитализација | Континуирано до 2027 | Годишен раст на бројот на достапни материјали |

## Столб 6: Менторство и врсничка поддршка

*Проширување на веќе функционалниот систем на активно менторство*

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Кратка дополнителна насока за менторите за препознавање и упатување студенти со попреченост кон новоформираниот Центар | Без трошок – дополнение на постоечкиот систем | 2027 | Насоката е дел од материјалите за ментори |
| Поврзување на менторскиот систем со волонтерскиот сервис (Столб 4) за студентите со попреченост | Без трошок – координација | 2027 | Воспоставена постапка на упатување |

## Столб 7: Партнерства

*Зајакнување на постојните меморандуми и надворешни извори*

| Мерка (надградба на постојното) | Ресурси / трошок | Рок | Индикатор |
|---|---|---|---|
| Продолжување и проширување на соработката со институциите (училишта, дневни центри, ресурсни центри, градинки...) | Без трошок – постоечки меморандум | Континуирано | Годишна активност во рамки на меморандумот |
| Аплицирање за проектни средства преку Еразмус+ (веќе постоечка пракса на МСУ) наменски за инклузивни активности и опрема | Без основен трошок – надворешно финансирање | Континуирано, по повиците | Број на поднесени/одобрени апликации |
| Проширување на соработката со здруженија на лица со попреченост и локалната заедница | Без трошок | 2027 | Најмалку еден нов меморандум |

# 5. Временска рамка

За разлика од амбициозни повеќегодишни инвестициски планови, оваа рамка е намерно скромна – фокусот е на надградба и консолидирање на постојното, а потоа на постепено, ненаметливо проширување до крајот на 2027 година.

| Фаза | Период | Фокус |
|---|---|---|
| Фаза 1 – Преод и надградба | 2024–2025 | Завршување, приспособување или пренесување на активностите започнати во рамките на Стратегијата МСУ 2025 (активно менторство, активностите на Факултетот за психологија, постојните меморандуми) во новата организациска поставеност |
| Фаза 2 – Консолидирање | 2026 | Формирање на Центарот за инклузивно образование, именување координатор и правилник, прва проширена обука на кадар, почеток на градежната интервенција (рампа и тоалет) |
| Фаза 3 – Проширување и оценување | 2027 | Воспоставена контакт-точка, обуки на сите факултети, волонтерски сервис, дигитална пристапност и довршена рампа и тоалет; завршна оценка и основа за новата стратегија по 2027 |

## 6. Пристап кон буџетот

Насока на оваа стратегија е дека поголемиот дел од мерките (Столбови 1–4, 6 и 7) можат да се спроведат без посебна нова буџетска линија, преку:

- ангажман на постојниот кадар на Факултетот за психологија во рамки на редовните обврски;
- волонтерска работа на студенти, со признавање преку потврди наместо надомест;
- веќе воспоставени партнерства и меморандуми;
- адаптација на постоечки материјали (учебникот „Инклузивна настава“, содржините на е-платформата).

Единствениот предвиден нов, но мал и еднократен трошок се однесува на Столб 5 – пристапна рампа и адаптиран тоалет. Секој понатамошен трошок (на пр. дополнителна асистивна опрема) се предлага да се финансира првенствено преку проектни средства (Еразмус+ и слични повици), а не преку основниот буџет на МСУ.

## 7. Следење на реализацијата

Со цел стратегијата да остане практична и да не создаде дополнителна администрација, следењето се предлага на едноставен начин:

- По неговото формирање (Столб 1), новиот Центар за инклузивно образование поднесува краток годишен извештај (1–2 страници) до раководството на МСУ, со преглед на реализираните мерки од соодветната фаза;
- Факултетот за психологија продолжува да ја има водечката улога во стручната содржина на обуките и следењето на добрите практики;
- Во 2026 година се прави кратка внатрешна проверка дали роковите се реални и, доколку не се, се прилагодуваат без потреба од целосна ревизија на документот, а во 2027 година се спроведува завршна оценка која служи како основа за новата стратегија.

## 8. Заклучок

Оваа стратегија намерно не бара од МСУ да гради низа нови служби, да вработува нов кадар или да презема големи инвестиции, тргнувајќи од фактот дека досега имаме запишано само 2 студенти со попреченост, а ваквата бројка е релевантна на поширoката општествена слика и вклученост на студентите со попреченост во високото образование. Единствената нова структура е Центарот за инклузивно образование – координативно тело кое ги поврзува веќе постојните ресурси, пред сè активната улога на Факултетот за психологија, а во сè друго стратегијата предлага постепено ширење на веќе постојната практика на сите факултети и двата кампуса до 2027 година, чекор по чекор, со ресурси кои МСУ веќе ги поседува.